# ПОВРЗАНОСТА НА ХАЛИТОЗАТА И ФИКСНИТЕ ОРТОДОНТСКИ АПАРАТИ

**Терзиева – Петровска Оливера, Петровски Михајло, Папакоча Киро, Царчева-Шаља Софија, Младеновски Марко**

Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“- Штип

## ВОВЕД

Халитозата е често застапена појава и е поврзна со бактерсикиот метаболизам на бактериите сместени на јазикот и во плунката и денталниот плак. Фиксните ортодонтски апарати може да ја зголемат акумулацијата на денталниот плак, и од тука може да предизвикаат халитоза.

Целта на оваа студија беше да се истражи влијанието на фиксните ортодонтски апарати врз појавата на халитоза кај пациенти кои се подложени на ортодонтски третман.





## МАТЕРИЈАЛ И МЕТОД

Испитуваната група ја формираа 20 ортодонтски пациенти со присутна малоклузија класа I кои се подложени на фиксен ортодонтски третман. Испитувањето опфати самоевалуација на пациентот за присутната халитоза, проценка на плак индекс (PI), гингивален индекс (Gi) и индекс а обложеност на јазикот (TCI). Сите пациенти беа следени во три временски точки по поставувањето на ортодонтскиот апарат (веднаш после, еден месец по и шест месеци по поставувањето на апаратот).

## Резултати

| | После поставувањето | После еден месец | После 6 месеци |
|---|---|---|---|
| **присуство на халитоза - субјективно** | **2 (10 %)** | **5 (25%)** | **6 (30 %)** |

| | После поставувањето | После еден месец | После 6 месеци |
|---|---|---|---|
| **Плак индекс** | **0.94±0.27** | **1.18±0.19** | **1.35±0.22** |

| | После поставувањето | После еден месец | После 6 месеци |
|---|---|---|---|
| **Гингивален индекс** | **0,72±0.32** | **1.06±0.39** | **1.24±0.44** |

| Kojima et al. | После поставувањето | После еден месец | После 6 месеци |
|---|---|---|---|
| **Индекс на обложеност на јазикот** | **0,22±0.44** | **0,74±0.72** | **1.07±0.22** |

Субјективната проценка за присуството на халитоза беше значително зголемена кај пациенти со фиксни ортодонтски апарати за време на третманот ($p < .05$). Од резултатите забележани се и зголемувања кај сите индекси (PI, GI и TCI) за време на третманот. Но, мора да се забележи дека, индексот за обложеност на јазикот покажа статистички значајна разлика помеѓу T1 и T2 ($p < .05$) и помеѓу T1 и T3 ($p < .05$).

## ЗАКЛУЧОК

Нашите резултати покажаа позитивна поврзаност помеѓу халитозата и фиксните ортодонтски апарати. Оттука, може да се заклучи дека присуството на халитозата може да се означи како значител показател за оралното здравје при ортодонтскиот третман.